ПП бр: 09-38/1

Врз основа на член 28 став (2) и член 30 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: Ана Николоска – претседател, Розана Ванковска и D-r Nexhati Alija – членови, постапувајќи во постапка, ПП бр.09-8 од 25.05.2021 година, поведена по барање за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-31/1 од 03.12.2018 година, поднесено од Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со седиште на Булевар ВМРО 3, Скопје, Република Северна Македонија, преку полномошник Љупка Новеска Андонова адвокат од Скопје, против Телеком Србија а.д., со седиште на ул.Таковска 2, 11000 Белград, Република Србија, застапувано од Бранко Радојчиќ, адвокат од Скопје, Диана Бардаров, адвокат од Скопје и Сања Стрезоска, адвокат од Скопје заради сторен прекршок од член 59 став (1) точка 2) во врска со член 11 став (2) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 03.09.2024 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Во постапката поведена по Барање за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-31/1 од 03.12.2018 година од страна на Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со седиште на Булевар ВМРО 3, Скопје, Република Северна Македонија, доставено преку полномошник Љупка Новеска Андонова адвокат од Скопје против претпријатието Телеком Србија а.д., со седиште на ул.Таковска 2, 11000 Белград, Република Србија, со ЕМБС 17162543, ЕДБ 100002887, застапувано од Бранко Радојчиќ, адвокат од Скопје, Диана Бардаров, адвокат од Скопје и Сања Стрезоска, адвокат од Скопје, заради злоупотреба на доминантна позиција, **КОП не утврди дека Телеком Србија а.д. сторил прекршок од член 59 став (1) точка 2) во врска со член 11 став (2) точка 3) од ЗЗК.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 03.12.2018 година, Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: "Тотал ТВ"), Скопје, со Допис ПП бр.09-31/1 до КОП, преку полномошник Љупка Новеска Андонова адвокат од Скопје, поднесе барање за поведување на прекршочна постапка против Телеком Србија а.д. со адреса на Таковска 2, Белград, Република Србија и Јавна медиумска установа Радио-телевизија Србија (во понатамошниот текст: РТС) со адреса на Таковска 10, Белград, Република Србија наведувајќи дека Телеком Србија а.д. и РТС склучиле забранет договор и/или ја злоупотребиле својата доминантна позиција. Имено, Тотал ТВ во барањето наведува дека

постои можна неоправдана дискриминација во цените понудени од Телеком Србија а.д. за различни платформи (DTH, кабелски и IPTV) за дистрибуција на РТС ТВ каналите во Република Северна Македонија.

Дополнително, Тотал ТВ наведува и дека член 6 од Нацрт Договорот склучен помеѓу Телеком Србија а.д. и РТС, XXX[1].

Со цел КОП да постапи по Барањето, на седница одржана на ден 09.01.2019 година, КОП донесе и достави Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-3/1 до шест поголеми кабелски оператории тоа: Оне.Вип ДОО Скопје, Трговско радиодифизно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, Друштво за телекомуникации и софтвер – кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ДОО Охрид, Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица и Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци и еден IPTV оператор: Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации, чии удели во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во вториот квартал од 2018 година КОП ги утврди од Извештајот за развој на пазарот за електронски комуникации во вториот квартал од 2018 година на АЕК, при што од истите побара да достават: Договор склучен/важечки во 2017 и/или 2018 година, вклучувајќи ги и сите негови анекси, како и сите добиени понуди во 2018 за реемитување на каналите на Јавна медиумска установа Радио телевизија Србија, со седиште на ул.Таковска 10, 11000 Белград, Република Србија, и тоа RTS Svet, RTS 1, RTS 2, RTS 3, RTS Drama, RTS Zivot, RTS Kolo, RTS Trezor, RTS Muzika и/или RTS Poletarac (Заклучокот е доставен со пропратно писмо од 09.01.2019 година) .

Истовремено, на седница одржана на ден 09.01.2019 година, КОП донесе и достави Заклучок за барање на податоци ПП бр. 09-3/2, со кој од Тотал ТВ побара да ги достави следните податоци: Договор склучени/важечки во 2016, 2017 и/или 2018 година, вклучувајќи ги и сите анекси, за реемитување на каналите на Јавна медиумска установа Радио телевизија Србија, со седиште на ул.Таковска 10, 11000 Белград, Република Србија, и тоа RTS Svet, RTS 1, RTS 2, RTS 3, RTS Drama, RTS Zivot, RTS Kolo, RTS Trezor, RTS Muzika и/или RTS Poletarac; Кои се учесници на пазарот на дистрибуција на големо на медиумски ТВ содржини и колкав е пазарниот удел на наведениот пазар на Јавната медиумска установа Радио телевизија Србија и кои евентуално потесни пазари на дистрибуција на големо на медиумски ТВ содржини би можеле да се дефинираат од аспект на содржините на ТВ каналите на Јавната медиумска установа Радио телевизија Србија и колкав е пазарниот удел на секој од потесно дефинираните пазари на Јавната медиумска установа Радио телевизија Србија (Заклучокот е доставен со пропратно писмо од 09.01.2019 година).

На ден 15.01.2019 година, со Допис ПП бр. 09-3/3, Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица одговори на Заклучокот ПП бр. 09-3/1 на КОП.

На ден 16.01.2019 година, со Допис ПП бр. 09-3/4, Трговско радиодифизно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип одговори на Заклучокот ПП бр. 09-3/1 на КОП.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

На ден 17.01.2019 година, со Допис ПП бр. 09-3/5, Оне.Вип ДОО Скопје одговори на Заклучокот ПП бр. 09-3/1 на КОП.

На ден 17.01.2019 година, со Допис ПП бр. 09-3/7, Друштво за телекомуникации и софтвер – кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево одговори на Заклучокот ПП бр. 09-3/1 на КОП.

На ден 22.01.2019 година, со Допис ПП бр. 09-3/8, Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци одговори на Заклучокот ПП бр. 09-3/1 на КОП.

На ден 22.01.2019 година, со Допис ПП бр. 09-3/9, Тотал ТВ одговори на Заклучокот ПП бр. 09-3/2 на КОП. На ден 22.01.2019 година, со Допис ПП бр. 09-3/10, Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации одговори на Заклучокот ПП бр. 09-3/1 на КОП.

На ден 22.01.2019 година, со Допис ПП бр. 09-3/11, Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации, достави доверлива верзија на податоците и документите доставени со Допис ПП бр. 09-3/10 од 22.01.2019 година.

На ден 29.01.2019 година, со Допис ПП бр. 09-3/12, Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ДОО Охрид одговори на Заклучокот ПП бр. 09-3/1 на КОП.

На седница одржана на ден 06.02.2019 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр. 09-3/13 со кој од Оне.Вип ДОО Скопје побара да достави Договор и сите негови анекси, склучен со Јавна медиумска установа Радио телевизија Србија за реемитување на каналот RTS Sat (Заклучокот е доставен со пропратно писмо од 07.02.2019 година).

На ден 14.02.2019 година, со Допис ПП бр.09-3/14, Оне.Вип ДОО Скопје одговори на Заклучокот ПП бр. 09-3/13 на КОП.

На ден 22.02.2019 година, со Допис ПП бр.09-3/15, Оне.Вип ДОО Скопје достави доверлива верзија на податоците и документите доставени со Допис ПП бр. 09-3/14 од 14.02.2019 година.

По разгледување на прибавените иницијални податоци за понудите за дистрибуција на РТС каналите кои Телеком Србија а.д. ги доставила до горенаведените оператори во Република Северна Македонија во периодот 2018/2019 година, КОП утврди дека постои значителна разлика во понудените цени кои Телеком Србија а.д. ги понудил на Тотал ТВ ДОО, Скопје и цените понудени на горенаведените кабелски оператори и IPTV операторот. XXX.

Согласно прибавените податоци, на седница одржана на ден 09.04.2019 година, КОП донесе Заклучок за барање податоци ПП бр. 09-3/16, со кој од Телеком Србија а.д. беше побарано да достави: Објаснување за разликата во цените во Понудите за деловна соработка за услуга дистрибуција на РТС канали кои Телеком Србија а.д. ги доставила до операторите кои вршат пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници во

Република Северна Македонија, Договор за дистрибуција на РТС канали склучен помеѓу Телеком Србија а.д. и Јавна медиумска установа Радио-телевизија Србија, Објаснување која е разликата помеѓу каналите РТС САТ и РТС СВЕТ и Произнесување по Барање за поведување постапка ПП бр.09-31/1 од 03.12.2018 година доставено од Тотал ТВ ДОО Скопје, приложено кон овој заклучок (Заклучокот е доставен со пропратно писмо од 09.04.2019 година)

На ден 09.04.2019 година, КОП достави до Телеком Србија а.д., Допис ПП бр.09-3/17 со предмет/назив Известување.

На ден 09.04.2019 година, КОП достави до Надлежен орган во Република Србија, Допис ПП бр.09-3/18 со предмет Замолница за доставување на заклучок за податоци.

На ден 09.04.2019 година, КОП достави до Министерство за правда, Сектор за меѓународна правна помош, Допис ПП бр. 09-3/19 со предмет/назив Барање за доставување на заклучок за барање на податоци.

На ден 02.05.2019 година, од страна на овластен судски преведувач од македонски на српски и обратно, со Допис ПП бр.09-3/20 до КОП беше доставен Превод на Барањето за поведување на прекршочна постапка од Тотал ТВ ПП бр.09-31/1 од 03.12.2018 година.

На ден 11.09.2019 година, Телеком Србија а.д. со Допис ПП бр.09-3/21 достави до КОП, Барање за продолжување на рокот за доставување на бараната информација.

На ден 12.09.2019 година, КОП со Допис ПП бр.09-3/22 достави Одговор на барање за продолжување на рок до Телеком Србија а.д..

На ден 03.10.2019 година, Телеком Србија а.д. со Допис ПП бр. 09-3/23, со предмет Постапување по заклучокот ПП бр.09-3/16 од 9 април 2019 година, одговори на Заклучокот на КОП ПП бр.09-3/16 од 09.04.2019 година.

На ден 03.10.2019 година, КОП прими Поднесок од полномошникот на Телеком Србија а.д. поднесен од Адвокатско друштво Трпеноски со Допис ПП бр.09-3/24, со кој се овластува Адвокатско друштво Трпеноски да го застапува претпријатието во постапката по повод заклучокот на КОП заведен под ПП бр.09-3/16 од 09.04.2019 година, вклучително и да ги прима сите писмена во име на претпријатието на територијата на Република Северна Македонија.

На ден 07.10.2019 година, Телеком Србија а.д. до КОП достави допис, Поднесок ПП бр.09-3/25, а во врска со Заклучокот за барање податоци на КОП ПП бр. 09-3/16.

На ден 07.10.2019 година, Телеком Србија а.д. до КОП достави Барање за заштита на податоци ПП бр.09-3/26.

На ден 10.10.2019 година, Министерство за правда на Република Северна Македонија достави Допис ПП бр.09-3/27 со предмет Телеком Србија а.д. удоволена замолница до КОП.

На седница одржана на ден 22.10.2019 година, КОП донесе и достави Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-3/28 до Тотал ТВ. (Заклучокот е доставен со пропратно писмо од 22.10.2019 година)

На ден 01.11.2019 година, Тотал ТВ со Допис ПП бр.09-3/29 достави до КОП Барање за продолжување на рокот за доставување на податоци.

На ден 14.11.2019 година, КОП со Допис ПП бр.09-3/30 одговори на барањето за продолжување на рок на Тотал ТВ.

На ден 26.11.2019 година, ТОТАЛ ТВ достави Допис ПП бр.09-3/31 со предмет Доставување на документи и информации согласно Заклучок ПП бр.09-3/28 до КОП.

На седница одржана на ден 27.01.2020 година, КОП донесе и достави Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-9/1 до Телеком Србија а.д.. (Заклучокот е доставен со пропратно писмо од 30.01.2020 година)

На ден 31.01.2020 година, Телеком Србија а.д.со Допис ПП бр.09-9/2 достави до КОП Барање за продолжување на рок за доставување на бараните податоци поради потребата од преземање голем број дејствија од страна на полномошникот и од страна на Телеком Србија а.д.

На ден 05.02.2020 година, КОП со Допис ПП бр.09-9/3 достави Одговор на барање за продолжување на рок до Телеком Србија а.д.

На ден 24.02.2020 година, Телеком Србија а.д. со Допис ПП бр.09-9/4 достави податоци и се произнесе по Заклучокот на КОП, ПП бр.09-9/1 од 27.01.2020 година.

На седница одржана на ден 06.11.2020 година, КОП донесе Заклучок за прибавување податоци до Телеком Србија а.д. и Тотал ТВ ПП бр.09-9/5 (Заклучокот е доставен со пропратно писмо од 06.11.2020 година)

На ден 23.11.2020 година, Тотал ТВ со Допис ПП бр.09-9/6 достави податоци согласно Заклучок на КОП ПП бр. 09-9/5.

На ден 27.11.2020 година, Телеком Србија а.д. со Допис ПП бр.09-9/7 достави податоци согласно Заклучок на КОП ПП бр. 09-9/5.

На ден 22.01.2021 година, КОП со Допис ПП бр. 09-8/1 до Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Барање за спроведување на анкета.

На ден 16.02.2021 година, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со допис ПП бр. 09-8/2 до КОП достави Одговор на Барање за спроведување на анкета.

На ден 22.03.2021 година, Тотал ТВ со Допис ПП бр.09-8/3 до КОП достави дополнителни информации во врска со предметот.

По разгледување на доставените дописи и податоци, а со цел КОП да утврди дали и против кого ќе поведе прекршочна постапка врз основа на поднесеното Барање за поведување на прекршочна постапка ги зеде во предвид наводите на Телеком Србија а.д. изнесени во однос на наводот на Тотал ТВ за ограничувачки договор содржан XXX, заради што КОП на седница одржана на ден 25.11.2021 година донесе Заклучок за отфрлање на дел од Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-31/1 од 03.12.2018 година (наш ПП бр.09-8/21, доставен со пропратно писмо ПП бр.09-8/22 од 20.12.2021 година).

На седница одржана на ден 25.05.2021 година, КОП донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-8/4 против Телеком Србија а.д., заради тоа што како претпријатие кое поседува доминантна позиција на пазарот на дистрибуција на големо на колажни телевизии (канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, на територијата на Република Северна Македонија, односно како носител/имател на правото на дистрибуција на РТС каналите за Република Северна Македонија во Понудата за деловна соработка за услугата на дистрибуција на РТС каналите, XXX, кое нешто е забрането со член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, и истото претставува прекршок од член 59 став (1) точка 2) во врска со член 11 став (2) точка 3) од истиот закон. Со истиот Заклучок КОП го задолжи Телеком Србија а.д., да ги достави следните податоци: Податоци за склучени/важечки договори во 2020 година за реемитување на каналот РТС Свет (назив на правното лице со кој е склучен договорот, датум на склучување на договорот, времетраење на договорот, цена која се наплаќа за реемитување на каналот РТС Свет) со оператори во Република Северна Македонија; Дали од 2018 година наваму на Тотал ТВ му е доставена нова понуда за деловна соработка за услугата на дистрибуција на РТС Свет каналот, доколку да, истата да се достави; Извод од Централен регистар на Република Србија за тековната состојба на претпријатието; Податоци за жиро - сметка, единствен даночен број и депонент – банка; Биланс на успех за 2020 година; Вкупно остварени приходи во 2018, 2019 и 2020 година, за секоја година одделно, од дејноста дистрибуција на РТС телевизиските канали и Вкупно остварени приходи во 2018, 2019 и 2020 година, за секоја година одделно, на територијата на Република Северна Македонија. Заклучокот со пропратно писмо ПП бр.09-8/5 е доставен до Телеком Србија а.д. на 25.05.2021 година.

На ден 26.05.2021 година, Телеком Србија а.д. со Допис ПП бр.09-8/6 достави Барање за продолжување на рок до КОП.

На ден 27.05.2021 година, КОП со Допис ПП бр.09-8/7 достави Одговор на барање за продолжување на рок до Телеком Србија а.д..

На ден 17.06.2021 година, до КОП е доставен Допис ПП бр.09-8/8 од Телеком Србија а.д. со кој е доставен одговор на Заклучокот на КОП ПП бр.09-8/4 од 25.05.2021 година, а со кој допис КОП воедно беше известена дека во понатамошниот тек на постапката претпријатието Телеком Србија а.д., ќе биде застапувано пред КОП од страна на полномошник Бранко Радојчиќ, адвокат од Скопје, Диана Бардаров, адвокат од Скопје и Сања Стрезоска, адвокат од Скопје.

На седница одржана на ден 29.07.2021 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-8/9 од Тотал ТВ (Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-8/10 од 03.08.2021 година).

На ден 11.08.2021 година, Тотал ТВ со Допис ПП бр.09-8/11 достави Одговор на Допис ПП бр.09-8/9 од 29 јули 2021 година до КОП.

На ден 25.08.2021 година, до КОП од Телеком Србија е доставен Допис ПП бр.09-8/12 со назив Поднесок.

На седница одржана на ден 16.09.2021 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-8/13 од Телеком Србија (Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-8/14 од 16.09.2021 година).

На ден 05.10.2021 година, Телеком Србија а.д. со Допис ПП бр.09-8/15 достави Барање за дополнителен рок за достава на податоци до КОП.

На ден 07.10.2021 година, КОП со Допис ПП бр.09-8/16 достави Одговор на барање за продолжување на рокот до Телеком Србија а.д..

На ден 22.10.2021 година, Телеком Србија а.д. со Допис ПП бр.09-8/17 постапи по Заклучокот за податоци бр.09-8/13 на КОП.

На ден 02.11.2021 година, Телеком Србија а.д. со Допис ПП бр.09-8/18 достави Дополнување на постапувањето по Заклучокот за податоци бр.09-8/13 до КОП.

На ден 10.11.2021 година, КОП со Допис ПП бр.09-8/19 достави Барање за податоци до Агенција за електронски комуникации.

На ден 19.11.2021 година, до КОП, Агенција за електронски комуникации со Допис ПП бр.09-8/20 достави, Информација за број на активни претплатници на пазарот на пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници за 2020 година.

На седница одржана на ден 25.11.2021 година, КОП донесе Заклучок за отфрлање на дел од Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-31/1 од 03.12.2018 година (Наш ПП бр.09-8/21, доставен со пропратно писмо ПП бр.09-8/22, од 20.12.2021 година).

На седница одржана на ден 25.11.2021 година, КОП донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-8/23 (доставено со пропратно писмо ПП бр.09-8/24 од 30.12.2021 година).

Со Допис Наш ПП бр.09-3/1 од 11.01.2022 година, Телеком Србија достави Барање за продолжување на рок за постапување по прелиминарното известување.

Со Допис ПП бр.09-3/2 од 12.01.2022 година КОП му го продолжи рокот за постапување по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба на Телеком Србија.

Со Допис Наш ПП бр.09-3/3 од 02.02.2022 година, Телеком Србија достави Постапување по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

Со Допис Наш ПП бр.09-3/4 од 25.03.2022 година, Телеком Србија достави Дополна на постапувањето по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

На седница одржана на ден 26.05.2022 година, КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-3/5. (доставено со пропратно писмо ПП бр.09-3/6 од 01.06.2022 година).

Со Допис Наш ПП бр.09-3/7 од 03.06.2022 година, Телеком Србија достави Барање за продолжување на рок за постапување по конечното известување.

Со Допис Наш ПП бр.09-3/8 од 03.06.2022 година, Тотал ТВ достави Барање за увид во предмет и препис на списи.

На седница одржана на ден 07.06.2022 година, КОП донесе Заклучок ПП бр.09-3/9, со кој на Тотал ТВ му одобри да изврши увид во списите од предметот. (Заклучокот беше доставен со пропратно писмо ПП бр.09-3/10 од 07.06.2022 година).

На ден 08.06.2022 година, Телеком Србија со е-маил порака, заверена како Допис ПП бр.09-3/11 достави податоци до КОП.

На ден 08.06.2022 година, Телеком Србија со е-маил порака, заверена како Допис ПП бр.09-3/12 достави податоци до КОП.

На ден 08.06.2022 година, Телеком Србија со е-маил порака, заверена како Допис ПП бр.09-3/13 достави податоци до КОП.

На ден 08.06.2022 година, Телеком Србија со е-маил порака, заверена како Допис ПП бр.09-3/14 достави податоци до КОП.

Со Допис Наш ПП бр.09-3/15 од 08.06.2022 година, Телеком Србија достави Постапување по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

На ден 09.06.2022 година во просториите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, лицето Влатко Токарев, со заменичко полномошно ПП бр.09-3/16, овластен од страна на Адвокат Љупка Новеска Андонова, изврши увид во списите на предметот. За извршениот увид беше составен Записник ПП бр.09-3/17 од 09.06.2022 година.

На ден 09.06.2022 година, Тотал ТВ  достави Поднесок ПП бр. 09-3/18, со кој ја извести КОП дека седиштето на Адвокат Љупка Новеска Андонова е променето.

Со Допис Наш ПП бр.09-3/19 од 13.06.2022 година, Телеком Србија достави Постапување по конечно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-3/5 од 26 мај 2022 година.

Со Допис Наш ПП бр.09-3/20 од 17.06.2022 година, Тотал ТВ достави Произнесување по конечното известување за утврдена фактичка состојба на Комисијата за ослучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.09-3/5 од 26 мај 2022 година.

Во барањето и дополнително доставените податоци, информации, докази и произнесувања доставени од Тотал ТВ, истиот наведува дека:

Тотал ТВ е нотифициран телекомуникациски оператор  во Република Северна Македонија, кој претежно функционира како оператор кој дистрибуира медиумски содржини преку сателитска мрежа (DTH-Direct to home). Тотал ТВ е дел од корпоративната групација Јунајтед Груп (United Group) која обезбедува телекомуникациски услуги, услуги поврзани со производство и емитување на телевизиски канали, огласување и поврзани услуги во неколку земји во регионот.

Тотал ТВ е претпријатие кое учествува на пазарот на обезбедување на услуга на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија. Тотал ТВ исто така учествува и на вертикално нагорниот пазар на дистрибуција на големо на медиумски (ТВ) содржини на кој ги набавува медиумските содржини кои подоцна ги реемитува кон крајните корисници.

Трговското друштво Телеком Србија а.д. е регистрирано друштво во Република Србија. Ова друштво се занимава со обезбедување на телекомуникациски услуги, од кои најзначајни се услугите на домашен и меѓународен телефонски сообраќај, услуги на фиксен телефонски сообраќај, транзитирање на сообраќај, пренос на податоци, закуп на линии, услуги на целосното мрежно подрачје, дополнителни услуги во областа на мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги. Поседува лиценца за мобилна и фиксна телефонија, за безжичен пристап, а впишан е како оператор во евиденцијата која ја води Регулаторната агенција за електронски комуникации и поштенски услуги на Република Србија (РАТЕЛ), и за услуги на пристап на широкопојасна мрежа, интернет услуги, *услуги на дистрибуција на медиумски содржини* и др.

РТС е национална медиумска куќа во Република Србија, односно јавен медиумски сервис на Република Србија. РТС произведува и емитува различни програмски содржини и канали, поседува разгранета мрежа на дописници, телетекст и интернет издание, музичка продукција, продукција на носачи на звук (ПГП), издавачка дејност, истражувачка служба и документационен центар.

Од 1 октомври 2018 година, Телеком Србија а.д. е генерален застапник на РТС телевизиските канали со право да склучува комерцијални договори за дистрибуција на РТС телевизиските канали со останатите оператори на територијата на Република Србија и во странство, вклучувајќи и со оператори од Република Северна Македонија.

Преку поврзаното лице ХД-ВИН д.о.о Белград, Телеком Србија а.д. е присутен со производство и емитување на телевизиски канали "Арена Спорт", а по склучување на Договорот за дистрибуција на програми (во понатамошниот текст: Договорот) со РТС и со дистрибуција на телевизиските канали на српскиот јавен медиумски сервис.

На ден 23 октомври 2018 година, Тотал ТВ примил Понуда бр.449893/1-2018 за деловна соработка за услугата на дистрибуција на РТС каналите од Телеком Србија а.д..

За Тотал ТВ Понудата за деловна соработка за услугата на дистрибуција на РТС каналите од Телеком Србија а.д.(во понатамошниот текст: Понудата), содржи дискриминирачки услови во однос на видот на технологијата за дистрибуција на медиумски содржини, односно платформата, без оправдување.

Во врска со ова Тотал ТВ во Барањето за поведување на прекшочна постапка наведува дека различниот третман на DTH платформата, од една страна, и IPTV и кабелската платформа, од друга страна, во поглед на комерцијалните услови на дистрибуција на содржини, претставува очигледна дискриминација на обезбедувачите на услуги преку

DTH платформата, без оправдување, како и дека наведениот потенцијален пристап претставува или забранет договор или злоупотреба на доминантна позиција од страна на едно од претпријатијата на пазарот (РТС или Телеком Србија а.д.), во зависност од тоа кое од наведените претпријатија ги дефинирало комерцијалните услови на понудите, односно во зависност од субјектот кој ја донел одлуката за спорната комерцијална политика. Конкретно, со забранетиот договор би се прекршиле одредбите од член 7, став 1, точка 2), 4) и 5) од Законот (т.е. го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција; го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот). Дејствата на злоупотреба на доминантна позиција би се огледале преку кршење на одредбите од член 11, став 2, точка 1), 2) и 3) од Законот (т.е. директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување; ограничување на пазарите или техничкиот развој; примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се ставаат во понеповолна конкурентска позиција).

Тотал ТВ исто така наведува дека имајќи ја во предвид важноста на РТС како јавен медиумски сервис во Република Србија, односно неговата *must-have* природа за македонските оператори која произлегува од важноста на овој канал за српската дијаспора во Република Северна Македонија, но и за останатите граѓани на Република Северна Македонија кои лесно го разбираат српскиот јазик и ги следат случувањата во Република Србија и околината преку РТС каналите, како и фактот дека Телеком Србија а.д. е ексклузивен дистрибутер на каналите (кој ја презема пазарната моќ на РТС), може да се смета дека предметната Понуда претставува злоупотреба на доминантна позиција.Тотал ТВ своето тврдење дека РТС Свет претставува “must have” содржина, го поткрепува и со фактот дека истиот телевизиски канал е дел од понудата на сите оператори во Република Северна Македонија.

Во однос на дискриминаторниот пристап кон DTH технологијата, во споредба со останатите оператори кои својот пренос на РТС телевизиските канали го остваруваат преку IPTV и кабелска дистрибуција, Тотал ТВ наведува дека не постои техничко, регулаторно или комерцијално оправдување за различниот ценовен третман, дека историски не постоело сличен пристап кон ценовната политика, односно дека разликата во платформите се воведува баш со преземање на дистрибуцијата од страна на Телеком Србија а.д. како и дека за дистрибуција на другите телевизиски канали не е случај да се наплаќа повисока цена за DTH дистрибуцијата на нивната содржина. Воедно Тотал ТВ наведува и дека доколу кај Телеком Србија а.д. постои одредена загриженост и евентуален зголемен ризик при дистрибуција на РТС телевизиските канали преку DTH платформата, со што Телеком Србија а.д. ја оправдува повисоката понудена цена за истата услуга, односно доколку заштитата на интегритетот на Понудата е толку изразена, би се очекувало Телеком Србија а.д. да предвиди или да бара посебни услови за заштита на содржината и спречување на евентуална злоупотреба, а не да спречува соработка со дискриминаторна ценовна политика и на тој начин да бојкотира една (сателитско) технолошка платформа.

Во однос на дефиницијата на релевантниот пазар на производ и соодветниот пазарен удел на РТС каналите на истиот, Тотал ТВ истакнува дека во согласност со достапните податоци од Годишниот извештај за 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за Податоците за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, гледаноста на РТС Свет, според него, како единствен РТС канал кој се реемитува на територијата на Република Северна Македонија изнесува:

— околу XXX од дневниот и неделниот досег на сите канали активни на пазарот на канали на јавните радиодифузери на српско-хрватски јазик;

— околу XXX од дневниот и неделниот досег на сите канали активни на пазарот на канали со претежно информативен општ формат на српско-хрватски јазик.

Дополнително, во таа насока Тотал ТВ ја известува КОП дека согласно информациите од Годишниот извештај за 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за Податоците за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, РТС Свет е меѓу најгледаните топ 18/20 странски канали во 2018 година, додека пак во третиот квартал од 2019 година е во топ 15/12 најгледани странски канали и има удел во гледаноста од:

— околу XXX од дневниот и XXX од неделниот досег на сите канали активни на пазарот на канали на јавните радиодифузери на српско-хрватски јазик;

— околу XXX од дневниот и XXX од неделниот досег на сите канали активни на пазарот на канали со претежно информативен општ формат на српско-хрватски јазик.

По барање на КОП и спроведена дополителна анализа, Тотал ТВ достави допис во кој подетално ги наведе учесниците на пазарот на колажни телевизии (канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија и проценка на нивните пазарни удели одделно во 2018, 2019 и првата половина од 2020 година. Притоа Тотал ТВ наведе дека во доставените податоци за пазарното учество на наведениот пазар податоците за ПИНК каналите се дадени збирно за сите речиси триесет ПИНК канали кои се емитуваат во Република Северна Македонија (Pink Plus, Pink Ekstra, Pink Zabava Pink reality Pink World, Pink Music, Pink 3 info и сл) но, според содржината единствено Pink Plus може да се смета за колажна телевизија (канал) кој емитува програма на јазик близок до македонскиот и за истиот не може да се утврди пазарното учество бидејќи нема јавно достапни податоци за гледаноста само на Pink Plus во Република Северна Македонија.

Со дополнителен допис, а во корелација со горенаведеното, Тотал ТВ достави податоци за пазарните удели на релевантниот пазар - пазар на колажни телевизии (канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија за последните два квартали во 2020 година, како и за целокупната 2020 година, акцентирајќи го фактот дека во меѓувреме Агенцијата за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги почнала да ги прикажува податоците за гледаноста на ПИНК каналите поединечно за секој канал.

Табелата 1, доставена како прилог на горенаведениот допис, содржи податоци за учесници на релевантниот пазар и проценка на нивните пазарни <u>удели во третиот квартал од 2020</u>

година,

Табела 1 Удели на релевантниот пазар во третиот квартал од 2020 година

| Канал | Удел на Релевантниот пазар (%), дневно ниво | Удел на Релевантниот пазар (%), неделно ниво |
|---|---|---|
| RTS | XXX | XXX |
| Pink Plus | XXX | XXX |
| HRT | XXX | XXX |
| Hayat | XXX | XXX |
| NovaTV-HR | XXX | XXX |
| TV Bosna | XXX | XXX |
| B92/02 | XXX | XXX |
| Nova S | XXX | XXX |
| Prva srpska televizija | XXX | XXX |
| Palma Plus | XXX | XXX |
| Studio B | XXX | XXX |
| RTRS | XXX | XXX |

Табелата 2, доставена како прилог на истиот допис, содржи податоци за учесници на релевантниот пазар и проценка на нивните пазарни удели во четвртиот квартал од 2020 година

Табела 2 Удели на релевантниот пазар во четвртиот квартал од 2020 година

| Канал | Удел на | Удел на |
|---|---|---|

| | Релевантниот пазар (%), дневно ниво | Релевантниот пазар (%), неделно ниво |
|---|---|---|
| RTS | XXX | XXX |
| Pink Plus | XXX | XXX |
| HRT | XXX | XXX |
| Hayat | XXX | XXX |
| NovaTV-HR | XXX | XXX |
| TV Bosna | XXX | XXX |
| B92/02 | XXX | XXX |
| Nova S | XXX | XXX |
| Prva srpska televizija | XXX | XXX |
| Palma Plus | XXX | XXX |
| Studio B | XXX | XXX |
| RTRS | XXX | XXX |

Табелата 3, доставена како прилог на истиот допис, содржи податоци за учесници на релевантниот пазар  проценка на нивните пазарни удели во текот на 2020 година.

Табела 3 Удели на релевантниот пазар во 2020 година

| Канал | Удел на Релевантниот пазар (%), | Удел на Релевантниот пазар (%), |
|---|---|---|

| | дневно ниво | неделно ниво |
|---|---|---|
| RTS | XXX | XXX |
| Pink Plus | XXX | XXX |
| HRT | XXX | XXX |
| Hayat | XXX | XXX |
| NovaTV-HR | XXX | XXX |
| TV Bosna | XXX | XXX |
| B92/02 | XXX | XXX |
| Nova S | XXX | XXX |
| Prva srpska televizija | XXX | XXX |
| Palma Plus | XXX | XXX |
| Studio B | XXX | XXX |
| RTRS | XXX | XXX |

Наведените табели, Тотал ТВ, ги изработил врз основа на јавно достапните информации за понудите на операторите во Република Северна Македонија и годишните квртални извештаи на Агенцијата за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на гледаноста на ТВ каналите, а достапни на www.avmu.mk.

Во доставениот допис ПП бр. 09-8/11 од 11.08.2021 година, Тотал ТВ се произнесува во однос на дописот кој го доставил до Телеком Србија (Допис бр.154/2018 на 5 декември 2018 година) со кој побарал понуда за право на реемитување само на РТС1 и РТС 2 каналите, но не и на РТС Свет каналот. Притоа Тотал ТВ наведува дека негова комерцијална одлука е дека сака да ги реемитува каналите РТС1 и РТС 2, кои од страна на Телеком Србија а.д. му биле понудени во Понуда бр.449893/1-2018 на 23 октомври 2018 година, која понуда била прва, иницијална понуда. Како одговор на оваа иницијална дискриминаторна понуда за пренос на РТС каналите, Тотал ТВ го испратил до Телеком Србија дописот од 5 декември 2018 година и побарал понуда за право на реемитување само на РТС1 и РТС 2 каналите. Понудата бр.164219/1-2019 година од 29 март 2019 година која ја добил Тотал ТВ како одговор на наведеното барање, содржела идентични услови за дистрибуција на РТС Свет, РТС1 и РТС 2 каналите. Дополнително Тотал ТВ наведува дека дописот од 05 декември не значи дека се откажува од барањето за поведување на прекршочна постапка, дотолку повеќе што според Тотал ТВ двете Понуди

и таа од 23 октомври 2018 година и Понудата од 29 март 2019 година кои Телеком Србија а.д. ги доставил до Тотал ТВ се дискриминаторни и претставуваат злоупотреба на доминантната позиција Per se, по својата природа, независно од тоа кои РТС канали Тотал ТВ сака да ги реемитува, XXX. Исто така Тотал ТВ наведува дека Телеком Србија ја користи доминантноста на РТС како би ја зацврстил позицијата на РТС Свет, додека истовремено се обидува да ја подобри позицијата на РТС1, РТС2 и РТС3 низ нивното бесплатно поврзување за својот адут РТС Свет. Притоа во самата понуда е наведено дека РТС 1 и РТС2 се колажни канали како и РТС Свет, а како потврда за колажниот карактер на овие канали се и извештаите за работење на РТС за 2018, 2019 и 2020 година, односно сите три канали се дел од истиот релевантен пазар и не претставуваат засебни учесници на овој пазар. Според Тотал ТВ, Телеком Србија ја користи таквата доминантна позиција да го примора Тотал ТВ да прифати цена која не е економски оправдана и која не би можел да ја наметне кога не би бил доминантен.

<u>Во доставените податоци, информации, докази и произнесувања на Телеком Србија а.д., Телеком Србија а.д.наведува дека:</u>

Телеком Србија а.д. нема поврзани друштва на територијата на Република Северна Македонија. Пазарната моќ на РТС на која Тотал ТВ, како подносител на Барањето за поведување на прекршочна постапка бр.09-31/1 од 03.12.2018 година ги заснова своите тврдења за злоупотреба на доминантната позиција воопшто не дава основа за наводите за постоење на истата. Во Република Северна Македонија, Телеком Србија а.д. е активен единствено преку друштвото HD-WIN д.о.о, Белград, кое врши дистрибуција на специјализираните спортски канали Арена Спорт и е носител на правата за емитување на спортски канали на територијата на Република Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија и Хрватска. Присуството на Телеком Србија а.д. на пазарот на Република Северна Македонија е занемарливо, имајќи предвид дека мал број домаќинства во државата имаат пристап до системите за дистрибуција на специјализираните спортски канали Арена Спорт, додека најголем дел домаќинства воопшто немаат можност да ги следат ТВ каналите Арена Спорт.

Дополнително, Телеком Србија а.д., како ексклузивен дистрибутер на РТС каналите, е присутен на пазарот во Република Северна Македонија преку истите.

Телеком Србија а.д. наведува дека според јавно достапните податоци на Агенцијата за аудио и аудиовизулни медиумски услуги просечниот дневен удел на РТС каналите во гледаноста во вториот квартал на 2019 година изнесувал XXX, односно каналот се наоѓал на 26-тото место по гледаност, а просечниот дневен удел во гледаноста на РТС каналите во 2019 г., на целокупната територија на Северна Македонија, изнесувал XXX. Според Телеком Србија а.д., од кои податоци, според Телеком Србија а.д., јасно произлегува дека уделот на РТС каналите е апсолутно занемарлив и не може да постои доминантна позиција како на РТС, така ни на Телеком Србија а.д., односно злоупотреба на таквата позиција со што би се нарушила, ограничила или спречила конкуренцијата.

Според Телеком Србија а.д., Тотал ТВ се повикува исклучиво на каналот РТС Свет и на тој начин без било каква основа ги исклучува останатите РТС канали, чија дистрибуција на територијата на Република Северна Македонија ја вршат голем број дистрибутери. Конкретно Инфел КТВ, КДС Спајдер нет, Канал 16, Неотел и многу други покрај дистрибуција на каналот РТС Свет, во својата понуда имаат и РТС 1, РТС 2, РТС 3, канали па не може да се разгледува издвоено.

Оттука, според Телеком Србија а.д., на гледачите на територијата на Република Северна Македонија им е достапен поголем број на РТС канали, а не само РТС Свет, како што, според Телеком Србија а.д., Тотал ТВ тенденциозно наведува. Телеком Србија а.д. наведува дека суштински мотив за изнесување на неоснованите тврдења на Тотал ТВ е тенденциозното определување на релевантниот пазар на производи како пазар со претежно информативен општ карактер, бидејќи РТС Свет емитува процентуално 20% повеќе информативни содржини во однос на РТС 1 и приближно три пати повеќе информативни содржини во однос на РТС 2.

Според Телеком Србија а.д., Тотал ТВ заклучува дека каналот РТС Свет е со претежно информативен односно општ карактер бидејќи уделот на информативната програма изнесува 46,9%, додека пак објективно уделот на информативни содржини не претставува ни половина, а особено не претежен дел на вкупните содржини на наведената програма, па оттаму, Телеком Србија а.д. смета дека е јасно дека тврдењето на Тотал ТВ за претежниот карактер на каналот РТС Свет е апсолутно неосновано.

Телеком Србија а.д. наведува дека програмската шема на каналот РТС Свет опфаќа мешовити содржини и истиот никако не може да се смета за информативна програма. Значи, несомнено е дека истиот припаѓа на група колажни канали, како и дека многубројни дистрибутери, но и самиот Тотал ТВ го вбројува токму во споменатата група.[2]

Во насока на истото, Телеком Србија а.д. го наведува Извештајот за работењето на РТС за 2018 година, каде се вели дека споменатиот канал во својата програмска шема покрај информативна програма обединува и културно-уметничка, образовно-научна и забавна програма која опфаќа спортска, забавна, музичка и филмска редакција.[3]

Понатаму, Телеком Србија а.д. го наведува член 3 од Законот за јавни медиумски сервиси на Република Србија, со кој се регулира работењето на РТС, односно дефинирана е основната дејност на републичкиот јавен сервис како производство, купување, обработка и објавување на радио, телевизиски и мултимедијални содржини, особено информативни, образовани, културно-уметнички, детски, забавни, спортски, верски и други содржини кои се од јавен интерес за граѓаните.

Исто така, Телеком Србија а.д. наведува дека член 43 став 2 од Законот за електронски медиуми на Република Србија, пропишува дека медиумските услуги кои ги пружа РТС,

---

[2]Точка 10 од допис доставен од Телеком србија а.д. од 24.02.2020 (наш бр.09-9/4 од 24.02.2020)
[3]Точка 11 од допис доставен од Телеком србија а.д. од 24.02.2020 (наш бр.09-9/4 од 24.02.2020)

според содржината, претставуваат општи медиумски услуги. Наведениот закон потоа, под општи медиумски услуги ги подразбира токму оние кои содржат информативни, образовни, културни, научни, спортски, забавни и други содржини. Од друга страна, мошне јасно е направена разлика во однос на специјализираните медиумски услуги, под кои се подразбираат само оние кои во целина опфаќаат истородни медиумски содржини.

Телеком Србија а.д. наведува дека како што и самата РТС, во членовите 2 и 3 од Статутот на јавната медиумска установа Радио-телевизија на Србија, се декларира како сервис кој емитува информативни, образовни, научни, културно-уметнички, детски, забавни, спортски, верски и други содржини, несомнено е дека програмата РТС, според Законот за електронски медиуми, мора да се дефинира под општи медиумски услуги. Во согласност со наведеното, програмата која ја емитува РТС, не може, според содржината, да се окарактеризира како специјализирана-информативна бидејќи тоа, според Законот за електронски медиуми, би значело дека би можела да емитува само информативна програма. Според тоа, програмата на РТС е несомнено општа, односно, колоквијално кажано, колажна програма[4].

Согласно кажаното, Телеком Србија а.д. смета дека релевантниот пазар треба да се определи како пазар на дистрибуција на големо и на мало на медиумски содржини на територијата на Република Северна Македонија.

Во однос на постоењето на наводната доминантна позиција на РТС на "must have‘‘ карактерот на РТС каналите, Телеком Србија а.д. истакна дека важно е да се има предвид дека РТС нуди програма од информативен, образовен, културно-уметнички, документарен, забавен и спортски карактер. РТС каналите не се единствени кои нудат содржини од овој вид. Во делот на информативна програма за случувањата на општествено-политичката сцена во Република Србија, корисниците на територија на Република Северна Македонија имаат повеќе канали кои во својата понуда ги имаат повеќе оператори, вклучувајќи го и Тотал ТВ и тоа: N1, Nova TV-Srbija, Prva srpska Televizija, Palma Plus, МТВ 2- српска редакција, Al Jazeera Balkans, RTRS итн.

Согласно наведеното, според Телеком Србија а.д. ниту уделот во гледаноста, ниту пазарната моќ, а ни таканаречениот, "must have‘‘ карактер на РТС не претставуваат основ за тврдењето на Тотал ТВ за постоење на доминантна позиција.

Во поглед на тврдењето на Тотал ТВ за повреда на членот 7 од Законот со склучување на забранет договор, Телеком Србија а.д. истакнува дека Договорот склучен меѓу Телеком и РТС не претставува забранет договор бидејќи се работи за договор од мало значење.

Телеком Србија а.д. истакна дека предметниот Договор претставува вертикален договор, бидејќи Телеком и РТС делуваат на различни нивоа на производствено-дистрибутивниот синџир. Имајќи во предвид дека договорите од мало значење се дефинирани како договори склучени меѓу учесници чиј заеднички пазарен удел сметајќи ги и со нив поврзаните лица не надминува 15% во случај на вертикални спогодби, како и тоа дека уделот на релевантните РТС канали е далеку под пропишаниот праг, а Телеком нема

[4]Точка 16 од допис доставен од Телеком србија а.д. од 24.02.2020 (наш бр.09-9/4 од 24.02.2020)

регистрирана дејност нити поврзано правно лице на територијата на Република Северна Македонија, според Телеком Србија а.д., евидентно е дека предметната спогодба ги исполнува условите од членот 8 став 2 од Законот, односно претставува договор од мало значење. Бидејќи Договорот го исполнува условот од член 8 став 2 од Законот, во конкретниот случај не е неопходно да се анализира исполнетоста на условите од член 8 став 3 од Законот, меѓутоа, дури и во случај наведеното да се земе во разгледување, Договорот и во тој случај ќе се смета за договор од мало значење.

Во однос на рестриктивната спогодба од член 6 од Договорот, Телеком Србија а.д. дава свои детални образложувања во однос на тоа XXX.

Во однос на дискриминаторниот пристап кон DTH технологијата, во споредба со останатите оператори кои својот пренос на РТС телевизиските канали го остваруваат преку IPTV и кабелска дистрибуција, Телеком Србија а.д. наведува дека проблемот кај дистрибуција на канали по пат на DTH технологијата лежи во тоа што дискремблување на сигналот се врши со помош на смарт картичка која секој корисник ја добива при преземање на опремата на операторот и во таа смисла постои голема веројатност за злоупотреба, односно преместување на приемната опрема од страна на корисникот на различни локации, што подразбира и дека корисникот може да ја земе опремата на територијата на операторот и истата да ја однесе на било која локација каде постои покриеност од сателит од кој се емитува сигналот. Оттука, според Телеком Србија а.д. произлегува можноста лесно да дојде до тоа каналите за кои операторот обезбедил права на територијата, на пр.Република Северна Македонија, да можат да се гледаат на некоја друга територија. На тој начин, смета Телеком Србија а.д., би биле прекршени правата опфатени со договорите меѓу Телеком Србија а.д. и операторите, како и меѓу Телеком Србија а.д. и РТС како сопственик на каналите. Најнакрај по однос на ова прашање, Телеком Србија а.д. наведува дека наведениот ризик е особено присутен во случајот на Република Северна Македонија бидејќи Телеком Србија а.д. не е оператор присутен на пазарот во земјата и не може да има информации за движењето на корисниците, па имајќи во предвид дека истиот е невозможно да утврди каде е инсталирана корисничката опрема, јасно е дека мора да примени различен третман, односно дополнителен вид на заштита на своите деловни интереси. Дополнително, Србија Телеком а.д. наведува дека истиот во ниту еден случај не тврдел дека констатирал такви злоупотреби во Република Северна Македонија туку дека постапувањата се со цел избегнување на потенцијални злоупотреби.

Со Допис ПП бр. 09-9/7 од 27.11.2020 година, Телеком Србија а.д. не достави до КОП своја детална проценка на пазарните удели на учесниците на пазарот на колажни телевизии (канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, туку во дописот само таксативно набројува колажни телевизии (канали) при што ги наведува и колажните телевизии (канали) кои емитуваат програма на македонски јазик (Телма, Канал 5, Сител, МРТВ 2 и сл.) и наведува дека јавно достапни податоци се податоците од интернет страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за гледаноста на поединечните ТВ канали за 2018, 2019 и првата половина на 2020 година.

Телеком Србија а.д. дополнително ја извести КОП дека во Дописот од 05.12.2018 година кој Тотал ТВ го испратил до Телеком Србија а.д. истиот експлицитно наведува дека не е заинтересиран за дистрибуција на каналот РТС Свет и побарал да му биде доставена нова понуда која би се однесувала само на каналите РТС 1 и РТС 2.

**<u>По прибавувањето на потребните податоци, докази и информации од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, а имајќи ги предвид и произнесувањата на странките во постапката, КОП ја утврди следната фактичка состојба:</u>**

На ден 1 октомври 2018 година, Телеком Србија а.д. со потпишување на Договорот за дистрибуција на програми со РТС станува генерален застапник на РТС телевизиските канали со право да склучува комерцијални договори за дистрибуција на РТС телевизиските канали со останатите оператори на територијата на Република Србија и во странство, вклучително и со оператори од Република Северна Македонија.

На ден 23 октомври 2018 година, Тотал ТВ примил Понуда за деловна соработка за услугата на дистрибуција на РТС каналите од Телеком Србија а.д. бр.449893/1-2018, со рок на важење на понудата до 31.10.2018 година, за договор со траење од 36 месеци. Понудата за дистрибуција на РТС каналите се однесува на каналите РТС Свет, РТС1, РТС2, РТС 3, РТС Драма, РТС Живот, РТС Коло, РТС Трезор, РТС Музика и РТС Полетарац. За каналот РТС Свет е наведена цена од ХХХ евро по корисник, пакет од каналите РТС 1, РТС 2 и РТС 3 се дава бесплатно кон каналот РТС Свет, пакет од каналите РТС Драма, РТС Живот, РТС Коло, РТС Трезор, РТС Музика и РТС Полетарац, се даваат за 1 евро по корисник кон каналот РТС Свет.

Од доставените Договори и Понудите за деловна соработка за услугата на дистрибуција на РТС каналите за 2019 година од Оне.Вип ДОО Скопје, Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации, Трговско радиодифизно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, Друштво за телекомуникации и софтвер – кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ДОО Охрид, Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица и Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, КОП утврди дека:

На 26.11.2018 година на Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица, за услугата на дистрибуција на РТС телевизиските канали, од Телеком Србија му била понудена ХХХ.

На 21.11.2018 година Трговско радиодифизно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, за услугата на дистрибуција на РТС телевизиските канали, од Телеком Србија му била понудена ХХХ.

На Друштво за телекомуникации и софтвер – кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, за услугата на дистрибуција на РТС телевизиските канали, од Телеком Србија му била понудена ХХХ.

Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, со Телеком Србија на ден XXX.2019 година склучило Краткорочен договор за дистрибуција на програмски сервиси за XXX.

На 19.10.2018 година на Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации за услугата на дистрибуција на РТС телевизиските канали, од Телеком Србија му била понудена XXX.

Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ДОО Охрид достави договор склучен со Радио Телевизија Србија XXX.

Оне.Вип ДОО Скопје XXX.

За разлика од комерцијалите услови уредени во Понудите и Договорите на горенаведените претпријатија, на Тотал ТВ, за услугата на дистрибуција на РТС телевизиските канали, преку DTH платформа му била понудена цена по корисник од XXX еур за каналот RTS Svet, XXX.

На 05.12.2018 година Тотал ТВ доставува допис до Србија Телеком а.д. во кој го известува дека не е заинтересиран за дистрибуција на РТС Драма, РТС Живот, РТС Коло, РТС Трезор, РТС Музика и РТС Полетарац и РТС ХД, како и дека Тотал ТВ е заинтересиран за дистрибуција на телевизиските програми РТС 1 и РТС 2, но не и дистрибуција на РТС Свет со кој е условено добивањето на наведените програми. Притоа Тотал ТВ во дописот наведува дека имаат сознанија за примена на различни цени за дистрибуција зависно од технолошката платформа и бараат корекција на цената во насока на обезбедување на еднаков третман на сите учесници на пазарот, независно од технологијата.

На 29.03.2019 година Телеком Србија а.д. до Тотал ТВ доставува допис во кој му одговара дека на понудата доставена од Србија Телеком а.д. на 23.10.20218 година Тотал ТВ одговорил со допис на 05.12.2018 година со кој бара измена на условите на понудата. Врз основа на барањето на Тотал ТВ, Србија Телеком а.д. во прилог му доставува делумно корегирана понуда. Во понудата за каналот РТС Свет е наведена цена од XXX евра по корисник, при тоа каналите РТС 1, РТС2 и РТС 3 се даваат бесплатно кон каналот РТС Свет, а отстранет е делот за понудата за каналите РТС Драма, РТС Живот, РТС Коло, РТС Трезор, РТС Музика и РТС Полетарац.

Во однос на наведеното, Тотал ТВ наведува дека негова комерцијална одлука е дека сака да ги реемитува каналите РТС1 и РТС 2, кои од страна на Телеком Србија а.д. му биле понудени со Понуда бр.449893/1-2018 на 23 октомври 2018 година, која понуда била прва, иницијална понуда. Како одговор на оваа иницијална дискриминаторна понуда за пренос на РТС каналите, Тотал ТВ испратил до Телеком Србија Допис бр.154/2018 на 5 декември 2018 година и побарал понуда за право на реемитување само на РТС1 и РТС 2 каналите. Понудата бр.164219/1-2019 година од 29 март 2019 година која ја добил Тотал ТВ како одговор на наведеното барање, содржи идентични услови за дистрибуција на РТС 1 и РТС 2 каналите. Согласно наведеното во Допис 09-8/11 од 11.08.2021 година кој Тотал ТВ го

достави до КОП, Тотал ТВ наведува дека не се откажува од барањето за поведување на прекршочна постапка, дотолку повеќе што двете Понуди и таа од 23 октомври 2018 година и понудата од 29 март 2019 година кои Телеком Србија а.д. ги доставил до Тотал ТВ се дискриминаторни и претставуваат злоупотреба на доминантната позиција Per se, по својата природа, независно од тоа кои РТС канали Тотал ТВ сака да ги реемитува, XXX.

Оттука КОП утврди дека и покрај дописот испратен од страна Тотал ТВ Допис бр.154/2018 на 5 декември 2018 година со кој Тотал ТВ побарал понуда за право на реемитување само на РТС1 и РТС 2 каналите истиот добил Понуда бр.164219/1-2019 година од 29 март 2019 година во која за каналот РТС Свет е наведена цена од 1,2 евра по корисник, при што каналите РТС 1, РТС2 и РТС 3 се даваат бесплатно кон каналот РТС Свет, а отстранет е делот за понудата за каналите РТС Драма, РТС Живот, РТС Коло, РТС Трезор, РТС Музика и РТС Полетарац, XXX.

Од горецитираните Понуди и Договори евидентно е дека постои значителна разлика во понудените цени кои Телеком Србија а.д. ги понудил на Тотал ТВ, односно дека цената која му била понудена на Тотал ТВ за услугата на дистрибуција на РТС телевизиските канали, преку DTH платформа во однос на цените понудени на останатите кабелски оператори кои својата дистрибуција ја обавуваат преку IPTV и/или кабелска платформа е неколкукратно поголема, XXX.

За КОП е неприфатливо објаснувањето на Телеком Србија а.д. дека проблемот кај дистрибуција на канали по пат на DTH технологијата лежи во тоа што дискремблување на сигналот се врши со помош на смарт картичка која секој корисник ја добива при преземање на опремата на операторот и во таа смисла постои голема веројатност за злоупотреба, односно преместување на приемната опрема од страна на корисникот на различни локации, што подразбира и дека корисникот може да ја земе опремата на територијата на операторот и истата да ја однесе на било која локација каде постои покриеност од сателит од кој се емитува сигналот, па оттука, според Телеком Србија а.д. произлегува можноста лесно да дојде до тоа каналите за кои операторот обезбедил права на територијата, на пр. Република Северна Македонија, да можат да се гледаат на некоја друга територија и на тој начин, би биле прекршени правата опфатени со договорите меѓу Телеком Србија а.д. и операторите, како и меѓу Телеком Србија а.д. и РТС како сопственик на каналите, како и дека наведениот ризик е особено присутен во случајот на Република Северна Македонија бидејќи Телеком Србија а.д. не е оператор присутен на пазарот во земјата и не може да има информации за движењето на корисниците, заради што, истиот мора да примени различен третман, односно дополнителен вид на заштита на своите деловни интереси. Имено Телеком Србија а.д., во текот на постапката, не достави докази дека разликата во понудените цени се базира на трошковен принцип, туку наведува дека е можна злоупотреба, кое нешто според КОП би требало да се санкционира доколку се случи, односно Телеком Србија а.д. можел да предвиди или да бара посебни услови за заштита на содржината и спречување на евентуална злоупотреба во договорот.

Во 2019 година Телеком Србија а.д. ги склучил следните договори со оператори во Република Северна Македонија:

| Оператор | Датум на примена на договорот | Период на важност на договорот | Предмет на договорот | Цена во евра, |
|---|---|---|---|---|
| ДТУ КОМБО 2003 ДОО Куманово од Македонија | XXX | XXX | XXX | XXX |
| НЕОТЕЛ ДОО Скопје | XXX | XXX | XXX | XXX |
| ГЛОБАЛСАТ ДОЕЛ Македонија | XXX | XXX | XXX | XXX |
| АЛТРА САТ 2000 ДОЕЛ Македонија | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Д.П.Т.У. СПАЈДЕР-НЕТ УВОЗ-ИЗВОЗ ДОО Македонија | XXX | XXX | XXX | XXX |
| ИП СИСТЕМС ДООЕЛ Македонија | XXX | XXX | XXX | XXX |
| КАБЕЛ ДОО | XXX | XXX | XXX | XXX |
| КАНАЛ 16 ДОО | XXX | XXX | XXX | XXX |
| КДС КАБЕЛНЕТ ДОО од Прилеп | XXX | XXX | XXX | XXX |
| МУЛТИМЕДИА-НЕТ ДОО | XXX | XXX | XXX | XXX |
| ПЕТ НЕТ ДОО | XXX | XXX | XXX | XXX |
| СКРЕМБЛ ДООЕЛ | XXX | XXX | XXX | XXX |
| ТРАНШПЕД ТРЈД ДООЕЛ | XXX | XXX | XXX | XXX |
| ТРД ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ | XXX | XXX | XXX | XXX |
| ИНФЕЛ-КТВ ДОО Охрид | XXX | XXX | XXX | XXX |
| ТРД КАБЕЛ НЕТ | XXX | XXX | XXX | XXX |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ДОО Струмица | | | | |
| ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО | XXX | XXX | XXX | XXX |
| ВИВА НЕТ ДООЕЛ | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Македонски Телеком АД-Скопје | XXX | XXX | XXX | XXX |
| БИВ ПИРАМИДА ДОО | XXX | XXX | XXX | XXX |
| ТРД РОБИ ДООЕЛ ШТИП АКВИЗИЦИЈА | XXX | XXX | XXX | XXX |

Од наведената табела е јасно дека во 2019 година Телеком Србија а.д. склучила договори (XXX) со операторите на јавни комуникациски мрежи за пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници за пренос на РТС каналите по цени XXX.

Со цел КОП да утврди дали Телеком Србија а.д. има доминатна позиција КОП пристапи кон дефинирање на релевантниот пазар.

Во однос на правилно дефинирање на релевантниот пазар КОП ги имаше предвид објаснувањата доставени од Телеком Србија а.д. (Допис ПП бр. 09-9/4 од 24.02.2020 година) дека:

- програмската шема на каналот РТС Свет опфаќа мешовити содржини, односно обединува и културно-уметничка, образовно-научна и забавна програма која опфаќа спортска, забавна, музичка и филмска редакција и истиот е мултижанровски канал, чија задача е на граѓаните во дијаспората да им пружи веродостојна слика за сето она што се случува во матицата, да подготвува посебни емисии од областа на културата, забавата, светот на бизнисот како и да обезбеди соодветно преноси на определени спортски настани
- во членовите 2 и 3 од Статутот на јавната медиумска установа Радио-телевизија на Србија, се декларира како сервис кој емитува информативни, образовни, научни, културно-уметнички, детски, забавни, спортски, верски и други содржини, несомнено е дека програмата РТС, според Законот за електронски медиуми, мора да се дефинира под општи медиумски услуги. Во согласност со наведеното, програмата која ја емитува РТС, не може, според содржината, да се окарактеризира како специјализирана-информативна бидејќи тоа, според Законот за електронски медиуми, би значело дека би можела да емитува само информативна програма. Според тоа, програмата на РТС е несомнено општа, односно, колоквијално кажано, колажна програма и дека
-според член 43 став 2 од Законот за електронски медиуми на Република Србија („Службен весник на РС“ бр. 83/2014 и 6/2016), медиумските услуги кои ги пружа РТС Свет, според содржината, претставуваат општи медиумски услуги. Наведениот закон, под

општи медиумски услуги ги подразбира токму оние кои содржат информативни, образовни, културни, научни, спортски, забавни и други содржини. Од друга страна, мошне јасно е направена разлика во однос на специјализираните медиумски услуги, под кои се подразбираат само оние кои во целина опфаќаат истородни медиумски содржини. Во согласност со наведеното, програмата која ја емитува РТС Свет, не би можела, според содржината, да се окарактеризира како специјализирана-информативна бидејќи тоа, според Законот за електронски медиуми на Република Србија, би значело дека би можела да емитува само информативна програма.

Согласно член 5 став (1) алинеа 6, 7, 8 и 9 од ЗЗК:

- "пазар" е место каде што продавачите и купувачите остваруваат понуда и побарувачка на стоки и услуги.
- "релевантен пазар" е релевантен пазар на стоки и релевантен географски пазар.
- "релевантен пазар на стоки" е пазар на сите стоки и/или услуги што се сметаат за меѓусебно разменливи или заменливи за потрошувачот, според карактеристиките на стоките, нивните цени и нивната наменска употреба", а
- "релавантен географски пазар", пак е пазар на подрачје во кое засегнатите претпријатија се вклучени во понудата и побарувачката на стоки или услуги, во која условите за конкуренција се доволно хомогени и можат да се разграничат од соседните подрачја, според условите за конкуренција кои се значително различни во тие подрачја".

Имајќи ги предвид горенаведените дефиниции од ЗЗК и Насоките на Комисијата за дефинирање на релевантниот пазар за целите на Законот за заштита на конкуренцијата, кои поблиску ја определуваат целта и императивното значење на правилното утврдување на релевантниот пазар во секоја постапка, како и објаснувањата доставени од Телеком Србија а.д. во однос на содржината на програмата на РТС Комисијата го дефинираше следниот релевантен пазар на стоки и релевантен географски пазар:

- Пазар на дистрибуција на големо на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, релевантен географски пазар е територијата на Република Северна Македонија.

При утврдување на наведениот релевантен пазар КОП го зема во предвид фактот дека во конкретниот предмет, како купувачи се јавуваат операторите на јавни комуникациски мрежи за пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници (Тотал ТВ, Македонски Телеком АД Скопје и кабелските оператори), а како продавач (снабдувач) на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, се јавува Телеком Србија а.д. како генерален застапник на РТС телевизиските канали со право да склучува комерцијални договори за дистрибуција на РТС телевизиските канали со останатите оператори на територијата на Република Србија и во странство, вклучително и со оператори од Република Северна Македонија.

Пазар на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија е посебен пазар и истиот е различен од пазарот на документарни/едукативни, детски, спортски, музички и други канали, со оглед на различната содржина која се емитува на тие канали, при што различните типови на канали меѓусебно не се заменливи, пред се според карактеристиките. Така, спортските канали не се замена за детските канали, детските канали не се заменливи со каналите за возрасни, музичките канали не се замена за каналите со филмска програма и слично.

Исто така, каналите со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија не се заменливи ниту со телевизии од општ формат (колажни телевизии) кои се основани и работат во Република Северна Македонија (националните и регионалните телевизии) пред се според своите карактеристики. Радиодифузните друштва кои се основани и работат во Република Северна Македонија се т.н фри то ер, односно се емитуваат на целата или дел од територијата на Република Северна Македонија и стигнуваат до крајните гледачи бесплатно. Односно, за да ги следат истите, гледачите немаат никаков трошок, додека за да ги следат странските канали мора да користат услуга од операторите на јавни комуникациски мрежи за пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници (Тотал ТВ, Македонски Телеком АД Скопје и кабелските оператори) за што плаќаат соодветен надомест. Оттука, самиот факт што и покрај тоа што гледачите можат бесплатно да ја следат програмата на радиодифузните друштва кои се основани и работат во Република Северна Македонија (националните, регионалните и локалните телевизии), истите сепак плаќаат дополнителен надомест на операторите на јавни комуникациски мрежи за пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници, за да гледаат и определен број на странски канали кои истите ги реемитуваат, укажува дека за крајните корисници на услугата, односно гледачите, странските канали не се заменливи со каналите, односно програмата на радиодифузните друштва кои се основани и работат во Република Северна Македонија (националните, регионалните и локалните телевизии).

Воедно, секој оператор настојува во своите пакети да вклучи канали кои се барани од страна на крајните корисници (најчесто домаќинствата), односно канали од секој одделен тип, бидејќи од атрактивноста и квалитетот на каналите вклучени во пакетите зависи и бројот на нивните претплатници, односно нивниот комерцијален успех.

Токму заради круцијалната улога која побарувачката односно преференциите на крајните корисници, ја имаат врз одлуката на операторите кои и какви канали ќе вклучат во своите пакети, за КОП постои посебен пазар на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, а релевантен географски пазар е територијата на Република Северна Македонија.

При утврдување на тоа дали Телеком Србија а.д. има доминатна позиција на наведениот пазар КОП ги зема во предвид Извештаите на Агенцијата за Аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги и тоа: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, 2018, 2019 и 2020 година.

Од Извештаите на Агенцијата за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и тоа:
-Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, 2018 година, трет квартал, Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, 2018 година, четврт квартал и Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2018 година ,
- Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, 2019 година, прв квартал Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, 2019 година, втор квартал Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, 2019 година, трет квартал, Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, 2019 година, четврт квартал и Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2019 година (сите достапни на:https://avmu.mk/)

КОП не можеше да го утврди пазарниот удел на Телеком Србија на релевантниот пазар.

Имено како што и самиот Тотал ТВ наведува, во наведените извештаи податоците за ПИНК каналите се дадени збирно за сите речиси триесет ПИНК канали кои се емитуваат во Република Северна Македонија (Pink Plus, Pink Ekstra, Pink Zabava Pink reality Pink World, Pink Music, Pink 3 info и сл) но, според содржината единствено Pink Plus може да се смета за колажна телевизија (канал) кој емитува програма на јазик близок до македонскиот и за истиот не може да се утврди пазарното учество бидејќи нема јавно достапни податоци за гледаноста само на Pink Plus во Република Северна Македонија.

Во извештате на Агенцијата за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и тоа: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, 2020 година, трет квартал, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, стр. 59 и 61; Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, 2020 година, четврт квартал, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, стр. 59 и 61 и Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2020 година , стр. 70-71, 73-74, сите достапни на:https://avmu.mk/, се утврдуваат/пресметуваат пазарните удели на учесниците на Пазарот на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија за последните два квартали во 2020 година, како и за целокупната 2020 година. Притоа во наведените извештаи е содржан податок за гледаноста на РТС, па пазарниот удел КОП го утврдува за каналите од општ формат (колажни канали) кои ги дистрибуира Телеком Србија а.д. во Република Северна Македонија, бидејќи сите канали од општ формат (колажни канали) кои ги дистрибуира Телеком Србија а.д. припаѓаат на истиот релевантен пазар и тој пазарен удел се препишува на Телеком Србија а.д..

Дури и во податоците за гледаноста на РТС во наведените извештаи да се содржани и податоци за гледаноста на специјализираните канали кои ги дистрибуира Телеком Србија а.д. во Република Северна Македонија (РТС Драма, РТС Живот, РТС Полетарац, РТС Трезор, РТС Музика и РТС Коло), со оглед на фактот дека нив ги дистрибуираат XXX, кои имаа минимален, незначителен број на претплатници (XXX) во однос на вкупниот број на претплатници во 2020 година кој изнесува 420.182), истото нема да има влијание на пазарниот удел на РТС на релевантниот пазар.

*Пресметка на пазарни удели на релевантниот пазар - пазарот на* канали со општ формат (колажни канали) *во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија за третиот квартал од 2020 година на дневно ниво:*

| *Канал* | Удел во вкупна гледаност (%), дневно ниво (извештај: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) | Удел на Релевантниот пазар (%), дневно ниво |
|---|---|---|
| *RTS* | *XXX* | *XXX* |
| *Pink Plus* | *XXX* | *XXX* |
| *HRT* | *XXX* | *XXX* |
| *Hayat* | *XXX* | *XXX* |
| *NovaTV-HR* | *XXX* | *XXX* |
| *TV Bosna* | *XXX* | *XXX* |
| *B92/02* | *XXX* | *XXX* |
| *Nova S* | *XXX* | *XXX* |
| *Prva srpska televizija* | *XXX* | *XXX* |
| *Palma Plus* | *XXX* | *XXX* |
| *Studio B* | *XXX* | *XXX* |
| *RTRS* | *XXX* | *XXX* |
| *вкупно* | *XXX* | *XXX* |

*Гледаноста на РТС во вкупната гледаност на дневно ниво е XXX*

*3,99 - вкупната гледаност на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, на дневно ниво*

*Оттука пазарниот удел на РТС =XXX*

*Пазарниот удел на  Пинк Плус =XXX*

*и.т.н, односно, на истиот начин се пресметуваат и пазарните удели на останатите учесници на релевантниот пазар за гледаност на дневно ниво, како и за учесниците на релевантниот пазар за гледаноста на неделно ниво во третиот квартал од 2020 година како и за гледаноста на дневно и неделно ниво во четвртиот квартал од 2020 и гледаноста за 2020 година.*

Табела 4. Удели на релевантниот пазар во третиот квартал од 2020 година

| Канал | Дневно ниво | | Неделно ниво | |
|---|---|---|---|---|
| | Удел во вкупна гледаност (%) (извештај *Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)* | Удел на Релевантниот пазар (%), дневно ниво | Удел во вкупна гледаност (%) (извештај *Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)* | Удел на Релевантниот пазар (%), неделно ниво |
| RTS | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Pink Plus | XXX | XXX | XXX | XXX |
| HRT | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Hayat | XXX | XXX | XXX | XXX |
| NovaTV-HR | XXX | XXX | XXX | XXX |
| TV Bosna | XXX | XXX | XXX | XXX |
| B92/02 | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Nova S | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Prva srpska televizija | XXX | XXX | XXX | XXX |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Palma Plus | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Studio B | XXX | XXX | XXX | XXX |
| RTRS | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Вкупно | XXX | XXX | XXX | XXX |

Табела 5. Удели на релевантниот пазар во четвртиот квартал од 2020 година

| Канал | Дневно ниво | | Неделно ниво | |
|---|---|---|---|---|
| | Удел во вкупна гледаност (%) (извештај *Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)* | Удел на Релевантниот пазар (%), дневно ниво | Удел во вкупна гледаност (%) (извештај *Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)* | Удел на Релевантниот пазар (%), неделно ниво |
| RTS | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Pink Plus | XXX | XXX | XXX | XXX |
| HRT | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Hayat | XXX | XXX | XXX | XXX |
| NovaTV-HR | XXX | XXX | XXX | XXX |
| TV Bosna | XXX | XXX | XXX | XXX |
| B92/02 | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Nova S | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Prva srpska televizija | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Palma Plus | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Studio B | XXX | XXX | XXX | XXX |
| RTRS | XXX | XXX | XXX | XXX |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | XXX | XXX | XXX | XXX |

Табела 6. Удели на релевантниот пазар во 2020 година

| Канал | Дневно ниво | | Неделно ниво | |
|---|---|---|---|---|
| | Удел во вкупна гледаност (%) (извештај *Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)* | Удел на Релевантниот пазар (%), дневно ниво | Удел во вкупна гледаност (%) (извештај *Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)* | Удел на Релевантниот пазар (%), неделно ниво |
| RTS | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Pink Plus | XXX | XXX | XXX | XXX |
| HRT | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Hayat | XXX | XXX | XXX | XXX |
| NovaTV-HR | XXX | XXX | XXX | XXX |
| TV Bosna | XXX | XXX | XXX | XXX |
| B92/02 | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Nova S | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Prva srpska televizija | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Palma Plus | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Studio B | XXX | XXX | XXX | XXX |
| RTRS | XXX | XXX | XXX | XXX |
| Вкупно | XXX | XXX | XXX | XXX |

Согласно член 10 став (2) од ЗЗК се претпоставува дека едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар, ако неговиот пазарен удел изнесува повеќе од 40%.

Врз основа на горенаведените податоци КОП утврди дека Телеком Србија а.д. како дистрибутер на големо на каналите РТС свет, РТС1, РТС 2 и РТС3 во Република Северна Македонија има доминантна позиција на пазарот на дистрибуција на големо на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, на територијата на Република Северна Македонија, односно неговиот пазарен удел изнесува над 40%. Висината на пазарните удели на учесниците на пазарот на дистрибуција на големо на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, на територијата на Република Северна Македонија, КОП ја утврди согласно гледаноста која ја имаат одделните канали присутни на овој пазар.

На релевантниот пазар каналите на РТС (РТС свет, РТС1, РТС2 и РТС3):

- во третиот квартал од 2020 година имаат гледаност од XXX на дневно ниво, а на неделно ниво имаат XXX,

-во четвртиот квартал од 2020 година на дневно ниво имаат гледаност од  XXX, а на неделно ниво имаат XXX гледаност,

- во текот на 2020 година на дневно ниво имаат XXX гледаност, а на неделно ниво има XXX% гледаност.

Следствено пазарниот удел на Телеком Србија а.д. на пазарот на дистрибуција на големо на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, на територијата на Република Северна Македонија во 2020 година изнесува помеѓу XXX.

Согласно Податоците за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици за 2018 и 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, видно е дека гледаноста на дневно и неделно ниво на Пинк каналите е дадена за сите Пинк канали заедно, односно за сите речиси триесет ПИНК канали кои се емитуваат во Република Северна Македонија (Pink Plus, Pink Ekstra, Pink Zabava Pink reality Pink World, Pink Music, Pink 3 info и сл), а не одделно за секој канал, заради што КОП не може да ја утврди гледаноста на Пинк Плус каналот, како единствен канал од групата на ПИНК канали кој припаѓа на релевантниот пазар. Имено КОП како основа за пресметка на пазарните удели на релевантниот пазар ги зема податоци за гледаност на каналите кои припаѓаат на релевантниот пазар - пазарот на дистрибуција на големо на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, на територијата на Република Северна Македонија. Оттука КОП не можеше да ги пресмета пазарните удели на сите учесници на релевантниот пазар, вклучувајќи го и пазарното учество на РТС каналите.

Согласно член 11 став (1) од ЗЗК „забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел”.

За да се утврди постоење на злоупотреба на доминантна позиција на релевантниот пазар од страна на одредено претпријатие, неопходно е прво да се утврди постоење на доминантна позиција на соодветното претпријатие на релевантниот пазар.

Согласно член 10 став 2) од ЗЗК се претпоставува дека едно претпријатие има доминантна позиција ако неговиот удел на релевантниот пазар изнесува повеќе од 40%.

Телеком Србија спорната Понуда за деловна соработка за услугата на дистрибуција на РТС каналите бр.449893/1-2018, ја доставил до Тотал ТВ на ден 23 октомври 2018 година, (со рок на важење на понудата до 31.10.2018 година, за договор со траење од 36 месеци). Понудата за дистрибуција на РТС каналите се однесува на каналите РТС Свет, РТС1, РТС2, РТС 3, РТС Драма, РТС Живот, РТС Коло, РТС Трезор, РТС Музика и РТС Полетарац. За каналот РТС Свет е наведена цена од 1,2 евро по корисник, пакет од каналите РТС 1, РТС 2 и РТС 3 се дава бесплатно кон каналот РТС Свет, пакет од каналите РТС Драма, РТС Живот, РТС Коло, РТС Трезор, РТС Музика и РТС Полетарац, се даваат за XXX евро по корисник кон каналот РТС Свет.

Дополнително, по барање на Тотал ТВ за измена на условите на спорната понуда, на 29.03.2019 година Телеком Србија а.д. до Тотал ТВ доставува допис во прилог на кој му доставува делумно корегирана понуда. Во корегираната понуда за каналот РТС Свет е наведена цена од XXX евра по корисник, XXX, а отстранет е делот за понудата за каналите РТС Драма, РТС Живот, РТС Коло, РТС Трезор, РТС Музика и РТС Полетарац. Понудата е со важност до 30.03.2019 година, за договор со траење од 36 месеци.

Од горенаведеното е јасно дека евентуална злоупотреба на доминантна позиција може да постои во 2018, како година во која е доставена спорната понуда до Тотал ТВ, на ден 23.10.2018 година, (а која била со рок до 31.10.2018) и во 2019 година, како година во која е доставена корегираната понуда до Тотал ТВ, на 29.03.2019 година, (а која била со рок до 30.03.2019).

Согласно горенаведените околности, КОП не можеше да утврди постоење на доминантна позиција на Телеком Србија на Пазарот на канали со општ формат (колажни канали) во Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, од причина што немаше податоци за гледаноста на каналот ПИНК Плус во Република Северна Македонија. Имено, податоците за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици за 2018 и 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се однесуваа само на гледаноста на дневно и неделно ниво на Пинк каналите, односно за гледаноста на сите ПИНК канали заедно, (речиси триесет Пинк канали кои се емитуваат во Република Северна Македонија- Pink Plus, Pink Ekstra, Pink Zabava Pink reality Pink World, Pink Music, Pink 3 info и сл), а не и одделно за секој канал, заради што КОП немаше увид гледаноста на Пинк Плус каналот и заради истото не можеше да го пресмета точното пазарно учество на РТС Свет каналите на пазарот на дистрибуција на големо на канали со општ формат (колажни канали) во

Република Северна Македонија кои емитуваат програма на јазик близок до македонскиот – разбирлив за голем дел од населението во Република Северна Македонија, на територијата на Република Северна Македонија, па оттука КОП не можеше да утврди и злоупотреба на доминантна позиција од страна на Телеком Србија на релевантниот пазар.

Врз основа на достапните податоци, КОП можеше да ги утврди пазарните удели на учесниците на релевантниот пазар само за 2020 година, но истата година Тотал ТВ ниту побарал, ниту добил Понуда за деловна соработка за услугата на дистрибуција на РТС каналите од Телеком Србија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, во постапката поведена по Барање за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-31/1 од 03.12.2018 година од страна на Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со седиште на Булевар ВМРО 3, Скопје, Република Северна Македонија, доставено преку полномошник Љупка Новеска Андонова адвокат од Скопје против претпријатието Телеком Србија а.д., со седиште на ул.Таковска 2, 11000 Белград, Република Србија, застапувано од Бранко Радојчиќ, адвокат од Скопје, Диана Бардаров, адвокат од Скопје и Сања Стрезоска, адвокат од Скопје, заради злоупотреба на доминантна позиција, **КОП не утврди дека Телеком Србија а.д. сторил прекршок од член 59 став (1) точка 2) во врска со член 11 став (2) точка 3) од ЗЗК.**

Заради сето горе наведено КОП одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**С.р. Ана Николоска**